# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 20 Мај 2013 година<br>Службен гласник број 7<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил: prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за отстранување на објект во сопственост на Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 1477/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
20.05.2013 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 и чл.64 т.3 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл. весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 17.05.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за отстранување на објект во сопственост
на Општина Прилеп

чл.1

Советот на ЕЛС Општина Прилеп поради реализација на детален урбанистички план за УАЕ21 дел од УБ 21.01 и УАЕ8 дел од УБ 8.01 донесен со одлука бр. 07-1915/15 од 27.07.2012год. дава согласност на Општина Прилеп како сопственик на објектот на КП 19447/1 за К.О.-Прилеп според ИЛ 33676 издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-28159/2012 од 22.10.2012, ДА ГО ОТСТРАНИ.

чл.2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1474/2 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.05.2013 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕНА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Програмата за изменување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп за 2013 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1477/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.05.2013 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 84 од Законот за градежно земјиште(„Сл. весник на РМ" бр. 17/2011, и 53/11 и 144/12), чл.36 с.1, т 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" 5/20) и чл.26.т 8 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03,4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 17.05.2013 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за изменување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2013 година

Член 1

Во програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2013 година (Службен гласник на Општина Прилеп бр.15 од 28.12.2012)
Од точка 6.1. ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, став 4 алинеја 2 во делот „на 12 еднакви месечни рати" се менува и треба да гласи „ до крајот на тековната буџетска година (20.12.2013год.) со доставување на банкарска гаранција или залог врз недвижност".

Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1474/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.05.2013 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО РЕГИОНАЛНИОТ ШТАБ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на член во Регионалниот штаб за управување со кризи - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1477/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.05.2013 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 9 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на Република Македонија" бр.29/05), член 22 став 1 точка 10, член 32 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија бр.5/2002"), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 17.05.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување на член во Регионалниот штаб за управување со кризи – Прилеп

1. Со ова Решение за член во Регионалниот штаб за управување со кризи – Прилеп се именува : **Трајче Ржаникоски,** член на Советот на Општина Прилеп.

2. Решението да се достави до именуваниот, Регионалниот штаб за управување со кризи - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1474/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.05.2013 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Никола Димески

# *С О Д Р Ж И Н А*

*на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 7 од 20.05.2013 година*

1. Одлука за отстранување на објект во сопственост на Општина Прилеп. .................. **Стр. 1**

2. Програма за изменување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп за 2013 година. ........................................................................................ **Стр. 2**

3. Решение за именување на член во Регионалниот штаб за управување со кризи - Прилеп......................................................................................................................................... **Стр. 2**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.